


**Патролен дневник**
**Цена: 120 МКД**

- Овој патролен дневник ќе ви помогне за подобро планирање на патролните средби и за евиденција на членовите.




**Водач на патрола**
**Цена: 120 МКД**

- Овој прирачник ќе ви помогне за подобра организација на вашата патрола и нејзиното дејствување.




**Документарна репортажа на македонски јазик: Баден Пауел основач на светскиот скаутизам**
**- ДВД диск – 300 МКД**

- Репортажата ке ви помогне полесно да се запознаете со настанокот на скаутизмот и со животниот пат на основачот Б П




**Компакт диск:**
**Мултимедијален скаутизам**
**Цена: 120 МКД**
- Преку мултимедијална презентација на секого можете да му преставите што преставува извидништвото во Македонија и Светот.




**Ориентација во природа**
**Цена: 120 МКД**
- Овој прирачник ќе ви помогне ги совладате основите на топографијата и ориентацијата во природа

**Овие артикли можете да ги добиете на следниов начин: Уплатете ја цената на бараниот артикл на ж - ска на ИО Димитар Влахов и испратете копија од уплатницата на факс 043/223 715, и нарачкате ќе ја добиете за неколку дена по пошта.**
**Во цената е вклучена и поштарината.**

ИР



**Редакцијата на Извидничкиот Репортер ги повикува сите заинтересирани извидници од одредите ширум нашата Република да се вклучат во нашата дописничка мрежа!!!**

ИР



**Доколку и Вие сакате на домашна адреса да ја добивате единствената сериозна извидничка ревија во земјава, можете да се јавите во Редакцијата на ИР.**



# ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР



Бр. 63

Ревија на ИО "Димитар Влахов"
ВЕЛЕС, Ноември 2008 год.



РЕВИЈА
ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР

http://www.scoutveles.org.mk/

**Основач:**
Старешинството на ИО "Димитар Влахов"

**Редакција:**



**Главен и одговорен уредник:**
Влахчев Влатко
**Компјутерска обработка**
Влахчев Влатко



**Соработници**
Геле, Ане, Антон, Баце, Димитар, Марина, Виктор …

**Адреса:**
Трајче Панов 22
ПФ 85
1400 Велес
Македонија
389(0)43 22 37 15

scout_veles@mt.net.mk
izvidnickireporter@yahoo.cm
www.scout.org.mk

РАКОПИСИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ
Ревијата "ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР" излегува еднаш месечно.

Првиот број на ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР излезе на

15 декември 1997 год.
ж.с.200-0000037519-52
депонент банка
Стопанска Банка
ЕДБ: 4004996107353




Читајте ИР

# News

пишува:
Редакција на ИР

Локална Самоуправа на Општина Чашка на 12.11.2008 год (среда) организираше Презентација на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Чашка. Стратегијата на ЛЕР за општината беше реализирана преку проект финансиран од страна на УСАИД. На оваа презентација учество земаа Градоначалникот на општина Чашка, г-дин Стојан Маневски и директорот за локална самоуправа при УСАИД г-дин Давид Гуд. Во целосната работа на работната група која го креираше донесувањето на ЛЕР за Чашка беа вклучени и членови на извидничкиот одред "Димитар Влахов" од Велес. На оваа јавна расправа учество земаа Тоше Ваилевски, Благој Ѓорчевски и Ангелче Гушев.

---

Во рамките на акцијата " Денот на дрвото – Засади ја својата иднина " на 19.11.2008 год. , членови од извидничкиот одред "Димитар Влахов" од Велес земаа учество во акцијата за пошумување. Пошумувањето во општина Велес се организираше во месноста " Ветерско " и " Толјан ".

---

Во организација Генералниот секретаријат на Владата на РМ , Одделението за соработка со невладини организации организираше работилница на тема "Зајакнување на пристапот на невладините организации до средствата од државниот буџет".
Работилницата се одржа на 25 ноември 2008 год. (вторник). На оваа работилница од извиднички одред " Димитар Влахов " учествуваше Ангел Радевски.

---

Извидничкиот одред " Димитар Влахов" од Велес со активностите од проектот "Младинско самовработување" аплицираше за наградата од ЕРСТЕ Фондацијата. За повеќе информации што всушност претставува оваа награда посетете го нашиот сајт www.scoutveles.org.mk


**Размислувањата, текстовите и написите објавени во Извиднички Репортер не ги рефлектираат мислењата и ставовите на ИО "Димитар Влахов" - Велес.**


# ИР ВЕЛЕШКИ РЕЧНИК

пишува:
Редакција на ИР



| | |
|---|---|
| **Абак** | **смотан** |
| **Абдал** | **будала, глупак** |
| **Абер** | **1. глас, вест 2. сознание, поим 3. чувство** |
| **Аздисува** | **беснее** |
| **Акнам** | **удрам** |
| **Алашвериш** | **вообичаен разговор** |
| **Алипен** | **сакат** |
| **Апансас** | **одненадеж** |
| **Апаш** | **крадец, измамник** |
| **Апла** | **чудно на глупав начин** |
| **Арабат** | **искинат, несреден** |
| **Арам** | **проклетство, грев** |
| **Арчи** | **троши** |
| **Аутобуска** | **автобуска станица** |
| **Ауф** | **Велешки поздрав** |
| **Ачкалдиса** | **фрли, метне** |
| **Ашка** | **лаже** |
| **Ашлак** | **глупчо** |
| **Ајван** | **животно** |
| **Аџамија** | **неискусен млад човек** |



Пишува:
Ане Радевски

## Знам што сакам и што несакам

Напишете на лист три нешта кои многу ги сакате и три работи кои не ги сакате. Потоа ја барате особата која има исти или слични нешта кои таа личност ги сака како и вие, или што поголем број на слични елементи ( на пример, две исти нешта кои ги сака и две исти нешта кој не ги сака - значи вкупно 4 заеднички елементи ). Кога ќе ја пронајдете таквата личност, сонеа заедно како пар барате нов пар кој има сличен вкус како вашиот.Така ќе формирате група од по 4 членови.

## Три реченици за мене

Сите имаат задача да напишат три реченици за себе, притоа треба една од напишаните реченици да не биде вистинита. Сите читаат по ред што напишале, а останатите погодуваат која реченица не е вистина.





## Вампир

Сите учесници имаат затворени очи и се движат по просторијата. Личноста која ќе ја фати водителот на играта станува вампир. Вампирот оди по просторијата и кога ќе напипа нечии врат гласно и језиво се смее, а личноста која е фатена треба да врисне затоа што е и таа вампир. Играта се завршува кога сите ќе станат вампири. Целта на оваа игра е ослободување од страв и релаксација.

## Кај тебе ми се допаѓа

Сите седат во круг и водителот кажува: Сега пробајте, да особата што седи од вашата десната страна, ја претставите нај позитивен начин. Кажите и го името и нешто што ти се допаѓа кај . На пр: Ова е Драгана и ми се допаѓа затоа што е весела и насмеана личност.





Пишува :
Влатко Влахчев

## БИДЕТЕ ПОНАПРЕД ВО ИЗВИДНИЧКИТЕ ЗНАЕЊА

Вие секако сакате, но и морте со своите извиднички знаења да бидете понапред од останатите деца во вашата патрола. Полесно е и по корисно за водачот да се истакнува и да ги повикува извидниците да го следат, отколку да ги тера нив да се истакнат над него. Ако сте малку над останатите, тие ќе пробаат да ве стигнат. Ако вие заостанете и тие секако ќе заостанат. Вие сигурно сакате да бидете рамен на оној водач, како кој би сакале децата да бидат. Тоа ќе го постигнете ако покажете дека имате енергија, иницијатива, истрајност и амбиција на секој чекор на извидништвото. Водачот кој уште од самиот почеток одлучил дека ја заслужил титулата истакнат водач**,** брзо ќе увиди дека има патрола која сака со нив да го достигне врвот. И овде, воодушевувањето е заразно и никој нема да заостане на патот кон врвот.



## БИДЕТЕ ПОНАПРЕД СО ИЗВИДНИЧКОТО РАСПОЛОЖЕНИЕ

Ќе откриете дека е многу поважно да се биде водач, а не да се двоумите за време на извидничката обука, а посебно при извидничко расположениие. Водачот дрдорко секако дека ќе има и таква патрола, додека пак веселиот водач кој со задоволство и воодушевување ја работи својата задача, ќе создаде патрола на која што водачот на другината секогаш може да смета, патрола која е гордост и задоволство за водачот. Ако вашите членови на патролата забележат дека вие самите искрено се трудите да живееете по извидничките закони да ги прифаќате услугите како права обврска и да правите се за да бидете “ физички јаки, да имате позитивен дух и да сте морално исправни“, ќе создадете и кај другите состојба дека е добро да и тие бидат такви. Ова ќе биде едно од нај драгоцените задачи за кој би се залагале. Не можете да водите во извидништвото додека и самите не научите да ги следите извидничките идеали во целост. Ако сте прав извидник вашето членство од вас ќе бара водство и пример не само во работата туку и во извидничкото расположение.

пишува:
Виктор Таневски

# ШАРКОВА ДУПКА – ПЕШТЕРСКИ БИСЕР НА МАВРОВО

Пред повеќе од четири децении мештаните од селото Маврово откриле дека во карпите блиску до последните куќи има пештера. Им било страв да влезат во неа, оти дупката била многу длабока, а влезот бил вертикален. Тие со години кроеле планови како безбедно да се спуштат и да ги откријат убавините на пештерата. Селанецот со прекар Шарко, кој живеел во непосредна близина на пештерата, прв собрал храброст. Тој исекол неколку дрва, ги спуштил во дупката и, со јажиња и со помош од соседите, успеал да влезе во внатрешноста на пештерата. Оттаму пештерската убавица си го добила името Шаркова Дупка. Од пред една година пештерата е адаптирана за туристички посети, пробиен е патот до влезот на пештерата, направени се скалила од камен, а целата патека е оградена со метална ограда. Пештерата е заштитена со железна врата и со решетки. Пред влезната врата е поставена табла со мапа, која ги објаснува пештерските украси и богатиот животински свет со кој изобилува Шаркова Дупка. Пештерата е комплетно осветлена со рефлектори, поставени меѓу пештерските камени прегради. Посетителите се спуштаат во внатрешноста на пештерата со железни полукружни скали, кои водат во првата јама или дворана, на околу 20 метри под земјата. Таму температурата е под 12 Целзиусови степени. Долу, јамата се проширува со две сали: една поголема и една помала. Низ тесен отвор се продолжува во втората јама, каде што одвреме - навреме тече подземен водотек.



Подземната убавица ја красат сталактити, сталагмити прекриени со корали, сливови, драперии и друг пештерски накит, кој дава слика на негибната убавина. Бидејќи почвата е богата со железо, повеќето од украсите се со карактеристична црвеникаво - кафена боја. Во Шаркова Дупка има разновиден животински свет: лилјаци, пајаци, гуштери, разни видови инсекти. Неодамна група биолози ја истражувале пештерата и биле изненадени од разновидниот животински свет, пикнат под карпите и под украсите во подземјето. Летово пештерата за првпат пробно беше отворена за сите туристи во Маврово.

**Како се стигнува до Шаркова Дупка**

Шаркова Дупка се наоѓа во Општина Маврово - Ростуше, во националниот парк Маврово, блиску до зимскиот туристички центар, поточно во селото Маврово. Пештерскиот бисер е лоциран во непосредна близина на последните куќи од селото или веднаш под хотелот “Бистра“. До влезот има 10-ина минути пешачење по изградена патека и скалила.





пишува:
Марина Тасева

# АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ

Не изненадува што заболените од Алцхајмерова болест лесно стануваат потиснати и им е тешко. За да се ублажи тој товар, практичарите им предлагаат техники на акопресура. Тие се замислени токму така за да го поттикнуваат олабавувањето и служат како сретство за јакнење на организмот и подобрување на здравјето.




**1.** Со притискање на точката **Бубрег 3** сместена на внатрешната страна на зглобот на ногата меѓу коската на зглобот и Ахиловата тетива, можете да ја стимулирате менталната активност.




**2.** Со притискање на точката **Црн дроб 2** на врвот на стапалото, во мрежата меѓу палците и другите ножни прсти можете да ја намалите раздразнетоста. Притискајте една минута.




**3.** Со притискање на точката **Слезина 3** може да го подобрите помнењето. Точката се наоѓа на внатрешната страна на стапалото зад испупчениот дел на големиот зглоб на палецот . Притискајте една минута, а тоа повторете го и на другото стапало.




**4.** Спиењето може да се подобри со притискање на точката **Срце 7**, сместена на внатрешната страна на зглобот на раката во правец кон малиот прст. Стискајте една минута меѓу палецот и показалецот, а тоа повторете го и на другата рака.

пишува:
Димитар Јорданов



На Месечината нема вода, воздух, ниту вулкански активности кои би можеле да предизвикаат ерозија на трагите од астронаутите и од тркалата на нивните возила, тие на неа ќе останат 100 години.




Светскиот рекорд во скок во височина за жени на земјата изнесува 2,09 метри.

На Меркур каде што има посла-ба гравитација истата атлети-чарка би можела да скокне двојно повеќе, па би можела да прескокне и слон.



Гејзерот Ваиман-гу на Нов Зеланд еруптирал во 1903 година и тоа 457 метри во височина.

Тоа е повеќе од највисоката зграда на светот (Сирс Тауер, 445 метри). Овој гејзер веќе не е активен.



Тектонските плочи се движат со различни брзини, а некои се побрзи од другите. Просечната брзина на движење изнесува околу 2,5 см годишно: што е приближно на брзината со која растат ноктите на рацете

Кога Земјата би била голема како јајце, најдлабокото дупчење кое некогаш е направено не би ја пробило ниту лушпата.







пишува
Аце - Баце

# ПРИПРЕМАЊЕ НА ХРАНА ОД ДИВИ ЖИВОТНИ

Дивечот, кој е покриен со крзно, мора прво да се одере. Крзното (кожата) се отстранува на тој начин што живо-тното прво се обесува со раширени задни нозе (ако е поголемо може да се дере и на земја).

Кожата се засекува по ивицата на бутот, со почеток од аналот, се до вратот и по должината на нозете. Ко-жата окулу аналот се отсекува и фрла. Кога ке се заврши, со помош на рацете и палците кожата се одвојува и влече надолу. Доколку животното е на земја се прави рез на кожата по должината на рбетот па се дере по-себно од едната па од другата страна.

Внатрешноста се вади така што се прави рез од аналот до градниот кош и се вадат цревата и жолчката. Останатите органи не мора да се исфлат.

Месото од дивечот се приптема исто како и месото од домашните живо-тни. Сепак ке биде подобро ако ме-сото извесно време да одстои во по-солена вода со додатоци на некои зачини за подобар вкус.

Оваа зачинета вода може да се при-готви со ситно сецкан кромид, ори-гано, корен од див морков, малку ма-ли лисја од мечја шепа и друг вид од зачински растенија кои ги има во природата, неколку бобинки од јасен и млади израстоци од елка во зима.



Сето ова се вари заедно во посолена вода. Кога билките ќе омекнат меже малку да се закисели. Со оваа смеса месото кое е претходно исецкано и потпечено се прелева со сварената смеса. После ова месото и смесата стојат заедно најмалу 24 часа, а доколку е зима може да стои и 3 - 4 дена па и подолго. После отстојувањето хрната (месото) се спрема на ловечки начин, а може од него да се прави чорба, мусака и други јадења, на нормален начин. На ловечки начин месото се припрема така што се вари смесата со билки и се динста се додека не омекне. Од билките се прави ловечки сос : запршка во која се додаваат ситно исецкани билки од смесата во која претходно стоеше месото, а после печењето се прелива со претходно подготвениот сос.

пишува:
Влахчев Влатко

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИЗВИДНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ



За да знаеме, како нешто да претставиме мора да знаеме што е тоа што ние го  претставуваме. Извидниците се претставуваат не само со зборови туку и визуелно, по пат на слики, а и со самиот став. На какво и да ниво ги петставуваме извидиците - било тоа да се група на деца кој одат по улица со марами на вратот или јавно појавување на национална телевизија, а посебно кога тоа го правиме во извиднички униформи, секогаш треба да имате на ум дека не се претставувате само себе и својата единица, ние ја претставуваме целата организација, цела меѓународна заедница. Сликата за извидниците не настанува во канцелариите во Женева и на џамбори. Сликата настанува во локалната заедница со вашата секојдневна работа. Кога ја претставувате организацијата по пат на јавен настап секогаш запрашајте се дали сте вие вистинската особа за тоа и дали имате доволно информации за такво нешто. Мораме да сватиме, дека секој наш член во моментот, кога на себе има униформа или само марама е всушност е движечка реклама. Она што луѓето ќе го видат на таа особа е всушност она што мислат за извидниците. Секоја наша постапка допринесува за имиџот на организацијата - позитивно или негативно.



***Дали тоа што сакаме да го покажеме е група на деца со марами кои пијат пиво пред продавница или група насмеани деца на некоја активност во градот ?***







пишува:
Антон Ѓорѓиев

продолжува од минатиот број

Патувањето со воз секогаш е прав момент за вицови посебно кога сите се во полу успана состојба. Се вртеа најразлични теми - од полицајци, преку Мујо и Хасо, до плавуши и сл. Слушнав овде еден виц кој мора да го оставам во аманет. Се зборува за два службеника на редот и мирот (полицајци) кои се навредиле од тоа како сите ги сметаат за недоволно паметни, па се договориле кога ќе се сретнат, да користат сложени изрази за да им покажат убаво на другите. Се сретнале овие господа во кафана, но едниот на влезот, додека другиот на шанкот, па пред сите гости, гласно почнале да разговараат: “ Колега, ќе корегираме ли по едно пиво? ”, на што следел одговор: ” Па, ако не ти е евентуално! “ Ама баш испаднале паметни. Не бевме многу гласни, само, на нашите шеги се смееја луѓе од првото седиште во вагонот, до последното. Помина некој пола саат од патувањето до Скопје, кога се појави кондуктерот, се разбира ”расположен” за сите пари. Знаете тешкотијата на работата на кондуктер во МЖ ... што да ви расправам (тие што патуваат знаат). Сиротиот тој, се обидуваше да ја отвори вратата меѓу вагоните, таков, цел разнишан, во што му помагаше и ”стабилниот“ воз. Ваквата смеа од ситуацијата наскоро не удри по нос. Вратата се одглави ненадејно и кондуктерот буквално летна накај нас. Одвај се задржа да не удри со главата во вратата на WC-то, при тоа газејќи на што ќе стигне, преку луѓе, ранци и тн. Се разбира и оваа ситуација беше смешна, но само за тие што не се наоѓаа под “расположениот” кондуктер. Да не заборавам и Златко не се смееше, барајќи ја патната листа, ја пропушти целата ситуација. Таков напупен над својот ранец, одкога се случи се, се распрашуваше: „Што е? Што стана? Што се смеете?„ После ова прилично имавме материјал да се смееме по возот. Секако тоа не беше крај.

Бевме некаде на петнаесет минути до Скопје, кога се отвори спротивната врата од вагонот и се појави главата на еден еден пристар човек: ”Деца, ај малку помош да се качам?” Извидници, според правилата на однесување, срамота е да не помогнат. Без размислување, јас и Котенце тргнавме до вратата да му помогнеме на дедото што сакаше помош ”да влезе“, на перонот пред возот имаше повеќе вреќи од нас. Другите се смееат, а ние двајца си подаваме вреќи и го полниме ходникот на вагонот. Луѓето што стоеја во ходникот не гледаа како да сме паднале од Марс. Како не би не гледале, замислете, двајца млади облечени во зелени војнички кошули, војнички чизми и сите ознаки на извидниците, подаваат вреќи со секакви градинарски производи, како да се спремаме за воена криза. Мислам дека немаше промашено производ, се помина низ нашите раце (чушки, патлицани, млado кромидче и што ли уште не). Не, па не не зафркаваа многу од позади: “Ајде мали, товарај не се смеј!”, ”Аууу, машала, дедово уште козата да ја донел!“, “Чекај сега и шпоретот кога ќе ви го подаде!”. Успеавме во пет минути да го ѕаѕидаме ходникот од вагонот и да го внесеме дедото, прилично импресивно а ?

И на крај, на неколку минути до Скопје, кога помислив дека не може да тргне уште нешто на лошо (никогаш не го помислувајте тоа!), ми се извади обетката која ми ја стави една другарка предходниот ден. Увото ми беше прилично отечено, па беше тешко да се стави назад. Го замолив Димац да ми помогне околу тоа. Веќе бевме во главниот град, а Диме упорно се обидуваше да ја стави обетката повторно на моето уво. Ваквата глетка, зависи од кој агол различно може да се протолкува, а во возот нема многу агли.. На крај после долго клацкање во чуф чуф, стасавме во главниот град. И пак иста приказна…

Продолжува…





пишува:
Бојан Миклош

# КАМПУВАЊЕ

## СМЕСТУВАЊЕ НА КАМПОТ

Кампот мора да биде сместен на ливада или ширина која е близу до некоја шума. Шумите се доста голем фактор за набавување на дрва кои се доста неопходни за кампот. Дрвата кои ги користите немојте да ги сечете директно од стеблата, користете веќе искршени дрва или гранки - верувајте тие се подобри.

Откога сте го сместиле кампот морате да одредите место за оган. Местото за оган мора да биде исчистено 3м околу огништето поради безебносни причини.




## НИКОГАШ НЕ ГО ОСТАВАЈТЕ ОГНОТ ЗАПАЛЕН

Никогаш не го оставај огнот запален дури и да е тоа најсигурно место. Само мал замав од ветер може да ги однесе жарчињата до некој дрворед или исушена трева и да предизвика голем пожар.



## ГАСНЕЊЕ НА ОГНОТ И РАСТУРАЊЕ НА КАМПОТ

Секогаш кога патролата се подготвува за уривање на кампот, извидниците мора да ги собираат шаорите и останатите реквизити, по веќе направениот список. Никогаш не заборавајте го оганот. Не бидете никогаш доста сигурни дека сте го изгаснале оганот. Кога го гаснете не штедете ја водата, растурете ги пак веќе изгаснатите жарчиња и пак истурете вода. Ќе приметите дека остатоците од оганот постепено се ладат.

# ROBERT BADEN POWELL



Кој сака да дознае што е скаутизам, како настанал, кои се неговите главни идеи, тој мора да го знае животот на неговиот основоположник и организатор. Ниедна биографија не може подобро да објасни освен Р.Б.Пауеловата, како познатите луѓе доаѓаат до големите пронајдоци/сознанија. Роберт Баден Пауел е роден на 22 февруар 1857 година во Лондон, на улица Stanhope број 6 ( сега Stanhope Terrace 11 ), како осмо дете од десет деца. Татко му Ревенд Б.П. бил свештеник професор на Оксфордскиот универзитет и познат научник. Неговата мајка била постарата ќерка на генералот Вилијам Смит, кој се прославил со својте авантури во Северна Америка за времето на кралицата Елизабета. Два пати паднал во ропство кај индијанците, но секогаш на чуден начин избегнувал страшна смрт. Неговата пра - внука, мајката на Роберт, не видела во својот живот такви јунаштва, но секако наследила нешто од својте предци и тоа слободниот дух и големата духовна дарба.

Се разбира како децата на ваквите родители се природно надарени: поединечно се истакнувале на многу полиња, како што е сликарството, музиката, јазиците, а посебно во природонауката. Таткото на Роберт Б.П. не сакал своите деца рано да тргнат во училиште. Првото училиште на младиот Роберт и на неговите браќа



била самата природа. Тие сакале да го поминуваат времето под ведро небо, проучувајки ги билките, животот на птиците, обичаите на животните, барајќи ретки штурци, пеперутки и цвеќе. Роберт имал четири години кога умрел татко му, но тоа немало некои поголеми последици за воспитувањето на децата. Госпоѓата Б.П. така добро знаела да ги воспитува своите деца, така што се зачудиле и луѓето како што се Раскин и Текери ( познат естета и писател ). Тајната во нејзиниот успех лежи во разборитоста и љубовта помеѓу мајката и децата. Таа ги поттикнувала своите деца на самосталност и самоиницијатива. Малит Сти ( како што го викала Роберта ) во третата година од животот знаел сам да се облече и соблеч, во 5-та година тој водел самостално



сметка за трошење и добивање на џепарлакот. Почнал да јава истовремено кога и проодел. Уште во младоста тој и брат му Хенри направиле чамец со кој го истражувале брегот на островот Вајт. Еднаш со својот чамец удриле во една карпа. Морето било разбранувано. Изгледало како да дошол крајот за младите истражувачи. Роберт легнал на дното од чамецот затоа што изгубил секаква надеж за спас. Братот Хенри му наложил да го дофати веслото кое му испаднало од раце во морето. Братовата грижа за веслото побудила во него мажественост и грижа за спас, па така успеале да се спасат. Од тој момент Б.П. никогаш не очајувал туку добро запаметил, како во такви моменти на луѓето да им помине очајот и беспомошноста, ако вниманието им



е свртено на други работи, па макер тоа да биле и ситници. После патувале по реките во Англија и Велс, а пешки ја поминале Шкотска и Велс. Повеќе пати морале да ноќеваат под ведро небо. На тие патувања научиле се што треба да знае скаутот: пливања, веслање, кормиларење, врзување на чворови, палење на оган, готвење на јадење, подигање и градење на шатор, лов и риболов исл. Еден ден, раскажува Б.П. сакал да фати питом зајак не прашувајки го за тоа сопственикот на зајакот. Тој стигнал лазејки така блиску и кога намерил да пука, приметил од другата страна човек кој исто така лазел. Роберт исто така четвороношки се вратил наназад, а покасно приметил како истото го сторил и човекот за кого мислел дека е стражар. Така и обајцата ловци останале без вечера. Тие патувања не биле само чиста забава. Браќата Б.П. се добро бележеле во своите албуми за слики и воделе дневници. Посматрајќи ги фабриките стекнале многу практични знаења. Малиот Роберт многу го занимало снаоѓањато во непознатите градови. Посебно му било задоволство пријателството на пожарникарите, чија работа ја цнел и сакал. Под такви услови Роберт морал во себе да одгледа она што му треба на секој скаут: самосталност и самодоверба во граници на скромноста...

**Продолжува во следниот број**